# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.80 од 26.06.2012 година**

**Член 1**

Во Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" број 111/2008, 64/2009, 88/10, 114/10, 23/11 и 53/11), во членот 7 по ставот (2) се додаваат четири нови става (3), (4), (5) и (6), кои гласат:

„(3) Правното лице од ставот (2) на овој член треба да поседува дозвола за одржување на јавна чистота, издадена од органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.

(4) За добивање на дозволата од ставот (3) на овој член правното лице поднесува барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи и докази со кои ќе докаже дека ги исполнува следниве услови:

- да има седиште во Република Македонија,
- да е регистрирано за вршење на работите одржување на јавна чистота,
- да не е поведена стечајна постапка или постапка за ликвидација,
- одговорното лице или член на органот на управување на правното лице да не е правосилно осудено за кривично дело во јавните финансии, пплатниот промет и стопанството или кривични дела против работните односи, додека траат последиците од пресудата, или да не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на дејност додека трае забраната,
- да достави документ за економска и финансиска способност издаден од Централниот регистар на Република Македонија,
- да е осигуран во осигурително друштво и да приложи писмен доказ за способноста за надоместување на евентуална штета настаната по однос на одговорноста во вршењето на неговата дејност во согласност со закон,
- да има вработено најмалку пет лица кои подлежат на задолжителна вакцинација согласно со прописите за заштита од заразни болести и
- да има соодветна техничка опрема (едно специјализирано возило за подигање на смет, ХТЗ опрема за вработените и неопходни технички средства за одржување на јавната чистота).

(5) За издадените дозволи за одржување на јавната чистота органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи води регистар за издадени дозволи за одржување на јавната чистота, кој се објавува на неговата веб страница.

(6) Формата и содржината на барањето, формата и содржината на образецот на дозволата, начинот на издавање и одземање на дозволата, формата и содржината на регистарот од ставот (5) на овој член, како и начинот на неговото водење, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи."

**Член 2**

По членот 7 се додаваат два нови члена 7-а и 7-б, кои гласат:

**„Член 7- а**

(1) Ако се утврди дека правното лице од членот 7 став (3) од овој закон ги исполнува условите за добивање на дозвола, органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи ќе издаде дозвола за одржување на јавната чистота во рок од 15 дена од денот на приемот на

барањето со целокупната документација, во спротивно ќе донесе решение со кое се одбива барањето за давање дозвола.
(2) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба со кое се одбива барањето за добивање дозвола во рок од 15 дена од приемот на решението до Управен суд.
(3) Дозволата за одржување на јавна чистота се одзема доколку правното лице престане да исполнува кој било од пропишаните услови во членот 7 став (4) од овој закон.

**Член 7-б**

(1) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи не ја издаде дозволата, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата во рокот од членот 7-а од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.
(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.
(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член барателот доставува и копија од барањето од членот 7 став (4) од овој закон.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член до писарницата на министерот, да издаде дозвола или да донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на дозволата. Доколку министерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи.
(5) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи не издаде дозвола, односно не донесе решение со кое се одбива барањето за издавање на дозвола во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.
(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.
(8) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот

со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(9) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на комуналните работи не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.
(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член и/или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(14) Во случаите од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(16) Доколку министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи не одлучи во рок од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред Управниот суд.
(17) Постапката пред Управниот суд е итна.
(18) По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член во "Службен весник на Република Македонија" истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за транспорт и врски."

**Член 3**

Во членот 9 став (2) по зборовите: „јавната чистота" се додаваат зборовите: „и кои поседуваат дозвола за одржување на јавна чистота".

**Член 4**

По членот 11 се додава нов член11-а, кој гласи:

**"Член 11-а**

(1) Во постапката при вршење на контролата од членот 11 став (1) од овој закон,

комуналните редари кога ќе затечат на самото место лице при извршување на прекршоците утврдени со членот 33 од овој закон, имаат овластување да го застанат лицето и да извршат утврдување на неговиот идентитет.
(2) При преземањето на дејствијата од ставот (1) на овој член комуналниот редар е должен да се легитимира и да го извести лицето за прекршокот кој го сторил на самото место.
(3) Проверка на идентитетот на лице, комуналниот редар го врши со увид во неговата јавна исправа (лична карта или пасош) или друга исправа со негова фотографија од која може да се утврди идентитетот на лицето (возачка дозвола, здраствена легитимација и студентска легитимација), а потоа веднаш му ја враќа исправата на лицето.
(4) Доколку лицето одбива да даде податоци за себе или нема да го докаже идентитетот со исправите од ставот (3) на овој член, комуналниот редар ја известува најблиската полициска станица за потребата од присуство на полициски службеник на местото на сторувањето на прекршокот."

**Член 5**

Во членот 29 став (1) точка 1 по зборовите: „зимски услови (член 7)" сврзникот "и" се брише и се додаваат две нови точки 2 и 3, кои гласат:
„2) не овласти лице за фотографирање и не ги чува фотографиите од извршена општокорисна работа (член 40 став (6));
3) врши одржување на јавна чистота без поседување на дозвола (членови 7 и 9 став (2)) и".
Точката 2 станува точка 4.

**Член 6**

Во членот 29-а се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното лице во правното лице, доколку не изврши фотографирање на лице при вршење на општокорисна работа (член 40 став (6)).

**Член 7**

Во членот 40 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:
"(6) При вршењето на општокорисна работа јавното претпријатие или правното лице каде се врши општокорисната работа се должни да овластат лице кое три пати ќе го фотографира лицето кое врши општокорисна работа, и тоа: една фотографија со фотографирање на лицето и поширoката околина пред започнувањето на вршењето општокорисна работа, една фотографија при извршувањето и една фотографија по завршувањето на општокорисната работа со фотографирање на лицето и поширoката околина и се должни фотографиите да ги чуваат и користат на начин утврден согласно со прописите за заштита на личните податоци. Фотографиите јавното претпријатие или правното лице каде што се врши општокорисната работа ги чува најмалку една година од извршувањето на општокорисната работа."
Ставовите (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (7), (8), (9), (10) и (11).

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".